**20160591633**

## АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

Врз основа на член 29 став (4), член 44 став (4) точки 5) и 9), член 63 став (4), член 69 став (4) точка 1) од Законот за безбедност на храната („Службен весник на Република Македонија" бр. 157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/14, 72/15, 129/15 и 213/15) директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОСЕБНИТЕ БАРАЊА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ХИГИЕНА И НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА НА ВРШЕЊЕ НА СЛУЖБЕНИТЕ КОНТРОЛИ НА МЛЕКОТО И МЛЕЧНИТЕ ПРОИЗВОДИ (*)

Член 1

Во Правилникот за посебните барања за безбедност и хигиена и начинот и постапката на вршење на службените контроли на млекото и млечните производи(*) ("Службен весник на Република Македонија" бр. 26/12 и 145/14), во членот 8 по ставот (3) се додава нов став (4) кој гласи:

"(4) Сите дополнителни гаранции за кои ќе биде потребно да се документираат, ќе се издаваат како дополнување на Уверенијата за исполнување на здравствениот статус на животните од став (2) и став (3) од овој член и ќе се сметаат за неделив дел од истите."

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се објави по претходно добиена согласност од Владата на Република Македонија.

Бр. 02-8268/3
28 декември 2015 година
Скопје

Агенција за храна
и ветеринарство
Директор,
м-р **Зоран Поповски,** с.р.

(*)Овој правилник не е предмет на усогласување со Европското законодавство.